


# СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО НАСЕЛЕНИЕ

**Локација:** Велес

**Сектор:** Сектор за население

**Работно време:** Полно работно време

**Оддел:** Оддел мрежа на експозитури

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнајдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

- **обезбедена обука за работа**
- **континуирана обука и можност за кариерен развој**
- **приватно здравствено осигурување**
- **конкурентна плата и надоместоци**
- **мотивирачка организациска култура**
- **активности за добросостојбата на вработените**

## Што ќе биде твојата улога

Подготовка на понуда со целосна палета на продукти и услуги на Банката согласно потребите и можностите на клиентите;

Сеопфатно сервисирање (финансиски и сите останати банкарски услуги) на клиенти – од моментот на продажба на одреден производ до понатамошно сервисирање на клиентот, со постојан мониторинг на односот, неговото задоволство и антиципирање на идните потреби;

Превземање на мерки со цел искористување на потенцијалот на постојното портфолио, зголемување на бројот на производите кои ги користи клиентот (cross sell/ up-sell);

Одговорност за реализација на зададените комерцијални цели согласно насоките на деловната политика на ниво на експозитура;

Одговорност за одржување професионални и стабилни релации со клиентите вклучувајќи и советодавна улога и исклучителен квалитет на услуга.

## Кои квалификации се потребни

Минимум ССС;

Работно искуство во продажба и промоција на производи и услуги, остварување на таргети и работа со клиенти во банкарскиот или друг сектор/индустрија ќе се смета за предност;

Активно познавање на работа со компјутер (МС Office);

Познавање на англиски јазик (конверзација, разбирање, пишување);

Одлични комуникациски и продажни вештини, одлични организациски вештини и способност за одредување приоритети, активна продажба, тимска работа, препознавање на ризикот во работењето и способност за работа под притисок.

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **30.06.2024** со назнака **„Апликација за Соработник за односи со население - ВЕЛЕС“**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!**